# МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА ТРАНЗИЦИИТЕ ВО ИСТОРИЈАТА И КУЛТУРАТА (30-31 ОКТОМВРИ 2006, СКОПЈЕ)

Меѓународната научна конференција „Транзициите во историјата и културата" се одржа на 30 и 31 октомври 2006 година во Скопје, во организација на Инситутот за национална историја од Скопје (Р. Македонија), заедно со Етнографскиот институт со музеј од Софија (Р. Бугарија), како резултат на воспоставената соработка. Подготовките ги вршеше организациски одбор, составен од членови од двата института, со претседател проф. д-р Тодор Чепреганов и секретар проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска. Целта на овој научен собир беше да се истражат транзициите низ историјата и културата од интердисциплинарен аспект, поаѓајќи од уверувањето дека таквиот приод кон оваа проблематика може да придонесе за подобро разбирање на историските, но и на современите транзициони процеси што се рефлектираат во културата, јазикот, книжевноста, традицијата и секојдневниот живот на поединецот и на општеството.

Конференцијата ја отвори директорот на Инситутот за национална историја проф. д-р Тодор Чепреганов. Со поздравни говори се обратија и директорот на Етнографскиот институт со музеј од Софија проф. д-р Рачко Попов и ректорот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" проф. д-р Никола Мартиновски. По свеченото отворање следеше изложба на најновите изданија на Инситутот за национална историја, на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков", на Институт за македонска литература и на Институтот за фолклор "Марко Цепенков".

Работните сесии на Меѓународната научна конференција "Транзициите во историјата и културата" се одвиваа истовремено во три одделни секции на 30 и 31 октомври, со учество на голем број истражувачи од повеќе земји (Македонија, Бугарија, Русија, Турција, Полска, Хрватска, Грција, Велика Британија, САД, Германија, Португалија). Во текот на Конференцијата беа презентирани исклучително значајни реферати. Истражуваните прашања се движеа од културолошките преоди во историјата, јазикот и книжевноста, преку демографските промени и миграциите, религиите, како и промените во традицијата и секојдневната култура. Во рамките на главната тема беа забележани и иследувањата за разни личности, како и за личниот односно колективниот идентитет во транзициите. Беа презентирани и теми од областа на историографијата, заштитата на културното наследство и родовите студии. Поднесените трудови на оваа конференцијата ќе бидат објавени во посебен Зборник во издание на Институтот за национална историја.

**Билјана Ристовска-Јосифовска**